UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

# ЈАН 2021

# БИЛТЕН ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

7



## НАСЛОВИ

**Уводник:** приоритети за 2021 page **1**

**COVID-19:** Одговор на ОН и закрепнување page **2**

**Заеднички програми** page **3**

**Во фокус:** COVID-19 вакцинација: addressing vaccination hesitancy page **4**

## ПОВАЖНИ НАСТАНИ

### ДЕКЕМВРИ

**11** Јавни консултации за проектот поддржан од ГЕФ за шестиот национален извештај за конвенцијата за биолошки диверзитет.

**16** Завршен настан за три GEF5 проектни активности: изработка на првите мапи за шумска вегетација за малешевскиот регион; нова национална мапа за ерозија и чувствителност на суша; и развивање на база на податоци за степенот на запечатување на почвата и губењето на органската материја за три пилот региони – Струмица, Прилеп и Охрид.

**18** Интерактивна работилница за проценка на потребите за климатските промени организирана од ФАО и кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања, како Национално назначено тело за Зелениот климатски фонд (ЗКФ).

**18** ФАО и ННО за ЗКФ започнаа со спроведување на онлајн анкета со цел да се соберат податоци за знаењата, интересот и апетитот на приватниот сектор за климатско финансирање, и за да се помогне на Владата да се ангажира заедно со приватниот сектор.

**23** Консултации со вклучените страни за нацрт Студијата за валоризација на споменикот на природата – Охридското езеро.

**28** Почетна работилница за проектот на ФАО „Поддршка за развој на пазарот на земјоделско земјиште со цел напуштеното земјиште да се обработува"

www.facebook.com/1un.mk

www.twitter.com/1UN_MK

## УВОДНИК од постојаниот координатор на ОН

Како што навлегуваме во новата година, дозволете ми да се осврнам на тоа како глобалните приоритети на Развојниот систем на ОН и понатаму се релевантни за ОН во Северна Македонија во 2021 година.

1 јануари го одбележа почетокот на новиот програмски циклус на Рамката за соработка за одржлив развој (РСОР) на ОН од 2021-2025, којшто претставува клучен стратешки документ за планирање за земјата. Во текот на 2020 год. посветивме големо внимание и ресурси на консултации со разни чинители за да ги идентификуваме клучните приоритети коишто ќе ги предводат заедничките заложби и ресурси на ОН за ЦОР во областите поврзани со просперитетот и луѓето, планетата и мирот, со посебен фокус на најранливите групи и оние кои се во ризик да заостанат.

Како што продолжуваме да ги преточуваме плановите во активности и подготовка на издржани политики во 2021 година и понатаму, фокусот на ОН и понатаму ќе биде да обезбедиме дека нашата работа е целосно заснована на докази, поткрепена со тековни анализи и веродостојни податоци, заедно со поддршка на подобрена координација и споделување информации на сите нивоа. Затоа од клучна важност е одржувањето на попис на национално ниво, којшто ќе има долгорочно влијание врз развојните политики во земјата. Сите чинители треба и понатаму да ги вложуваат сите напори за да се поддржи и да се бара консензус за оваа важна статистичка операција и да се спречи истата да се политизира.

Во 2021 год., ОН во Северна Македонија ќе продолжат да даваат аналитичка и оперативна поддршка за политиките во давањето одговор и закрепнувањето од КОВИД-19. Иако доста беше сработено за да се анализираат социо-економските влијанија речиси цела една година од почетокот на кризата, од клучно значење е да се продолжи со оценката на влијанијата од пандемијата, постоечките и новите ранливости во реално време, со фокус на најзасегнатите групи, и сознанијата да се користат во поддршка на побрзо и подобро закрепнување.

Дигитализацијата, зеленото закрепнување, поддршката за целото општество за зајакнат здравствен систем и состем за социјална поддршка се само некои од можностите коишто произлегоа со КОВИД-19 и коишто заеднички можеме да ги испорачаме и да продолжиме да ги вложуваме нашите ресурси и заложби и во 2021 година. Тоа следува како продолжение на континуираната поддршка за активностите што се одвиваат во првите редови во заедничката борба против пандемијата. Еден од моменталните приоритети е да се поддржи Владата за ефикасна примена на вакцините против КОВИД-19 коишто се обезбедени преку инструментот КОВАКС и други канали. Тешкотиите околу логистиката, ограниченото снабдување и колебливоста околу вакцините се само дел од предизвиците коишто мора да се надминат брзо и ефикасно за да се пренасочи текот на глобалната пандемија.



Во 2020, Развојниот систем на ОН даде значаен поттик во одговорот којшто се даваше на пандемијата. Се најдовме во добра позиција да го направиме тоа и поради тековната реформа на Развојниот систем на ОН, која што имаше за цел да обезбеди поголема ефикасност и кохерентност на системот на ОН за да постапува и говори усогласено.

Како што навлегуваме во втората година од Декадата за акција кон Целите за одржлив развој, односно, нашата споделена визија да се стави крај на сиромаштијата, да се заштити кревката планета и да се создаде мир во светот – од Постојаните координатори на ОН на глобално ниво е побарано да учат од и да се надополнуваат на искуствата од кризата со КОВИД-19 и да работат кон забрзување на нашата заедничка работа со цел да се дејствува за климата и животната средина.

Во 2021 година, заеднички ќе ги користиме нашите ресурси и силни страни за да ја забрзаме поддршката за климатската агенда, како клучен приоритет за одржливиот развој во Северна Македонија.

**Росана Дуѓак**
Постојан координатор на ОН во Северна Македонија

# COVID-19 ОДГОВОР И АКТИВНОСТИ ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ

Агенциите на ОН ѝ понатаму ќе даваат поддршка на одговорот што се дава на КОВИД-19 во земјата со конкретни и детални анализи на прашања коишто спаѓаат во нивниот домен на експертиза.

Социо-економската анализа на **Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП)**, спроведена во 2020 година, обезбеди три типа на анализи – макроекономска анализа, и анализи по сектори и општини. Макроекономската анализа ги истакна нарушувањата во националната економија поради КОВИД-19, коишто извршија огромен притисок врз стапките на невработеност и сиромаштија и ги уназадија придобивките и резултатите од развојот пред кризата. Пандемијата е веројатно дека ќе предизвика намалување од 4% на БДП на годишно ниво, и се очекува дека економијата нема да „се врати на нормалните текови" пред крајот на 2023 година. Невработеноста, според проекциите, требаше да надмине 20% до крајот на 2020 година, предизвикувајќи пораст до 21% на стапката на сиромаштија. Буџетските приходи опаднаа за околу 400 милиони евра низ сите категории, коешто веројатно ќе доведе до зголемена задолженост и дефицит и ќе ги надминат и оние кои беа забележани за време на глобалната финансиска криза од 2009 година. Тоа ќе влијае на општите дотации од данокот на додадена вредност (ДДВ) за општините во 2021 година, односно, се очекува да се намалат за 7.8%.

Кризата изврши огромно влијание на индустријата: 14.6% пад во индустриското производство, 33.3% пад во обртот на трговијата на големо и 8.9% пад во малопродажната трговија се забележани во текот на првата половина од 2020 година. Туризмот и услужната дејност беа најсилно погодени индустрии, со пад во бројот на преноќувања за 66% и 97.8%, соодветно, за странски и домашни туристи во текот на првите пет месеци од 2020 година. Неколку сектори во индустријата се докажаа дека се резилиентни на кризата и постигнаа раст – (фармација, компјутери и електроника, градежништво), меѓутоа, останатите индустриски гранки коишто претставуваат до 86% од индустриското производство беа негативно зафатени од пандемијата со КОВИД -19.

Пандемијата претставува многу повеќе од здравствена криза и истата изврши несразмерно влијание врз најранливите групи во општеството. Детската сиромаштија и родовиот диспаритет се во пораст. За прв пат во деценијата, бројот на невработени жени го надмина бројот на невработени мажи во земјата. Економските мерки на Владата се покажаа успешни и спречија опаѓање на индустриското производство и директно зголемување на невработеноста. Приближно еден на четири граѓани во Северна Македонија се во ризик од сиромаштија и социјална исклученост како резултат на кризата со КОВИД-19.

Социо-економските податоци ќе се ажурираат редовно за да се следи динамиката на економското закрепнување, и деталите ќе бидат на располагање на платформата поддржана од УНДП www.impact-covid19.mk .

**Меѓународната организација за миграции (ИОМ)** изврши реновирање на блокот за вода, хигиена и сантација (WASH) во привремениот транзитен центар „Винојуг" во Гевгелија, согласно на протоколите за заштита од КОВИД-19. Со оваа интервенција, ИОМ ги реновираше WASH блоковите и инсталираше станици за миење раце пред секоја од станбените единици. Реновирањето е дел од регионалниот проект, финансиран од ЕУ, „Справување со предизвиците од КОВИД-19 во рамки на одговорот за мигрантите и бегалците на Западен Балкан" со којшто се поддржуваат главните чинители од регионот за управување со миграциите и азилот за да се надминат предизвиците предизвикани од пандемијата и за да се одржуваат сите неопходни услуги.

**Меѓународната организација на трудот (МОТ)** и Националниот економски и социјален совет започнаа да спроведуваат веб кампања за подигнување на свеста. Веб платформата Мој труд, Мои права! www.mojtrudmoiprava.mk овозможува пристап до информации за работниците и работодавачите во реално време; содржи информации за правата и обврските коишто произлегуваат од работниот однос за следните категории: договор за вработување, плата, работно време, одмор/отсуство, безбедност и здравје на работното место, дискриминација, мобинг, социјална сигурност и разрешување на спорови. За повеќе информации, упатете се на:

• Интернет страница www.mojtrudmoiprava.mk

• Facebook страна https://www.facebook.com/mojtrudmoiprava

• Видео материјали https://www.youtube.com/channel/UCU2Ua19qJcH_E5_6_rpyuwQ

Содржината и дискусиите од обуката ќе се користат за да се подготви Прирачник за медиумско известување за процесот на преговори со ЕУ. УНОПС, исто така, работеше со Министерството за надворешни работи за да се спроведе обука за дипломатите во областа на животната средина од Поглавјето 27 со цел професионалните дипломати да се запознаат со тековните трендови за зелена дипломатија и да се поддржуваат во подготовките за одговор на предизвиците во имплементацијата на политиките на ЕУ за животна средина.

Во рамки на вториот Проект за подготвеност за Зелен климатски фонд (ЗКФ) за Северна Македонија, **Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО)** има за цел да ја поддржува Владата за зајакнување на националните капацитети за климатската акција и за финализирање на Работната програма за земјата за ЗКФ. Како прв чекор во процесот, ФАО спроведува активности за индетификување и проценка на потребите за капацитети поврзани со климатската акција и финансирањето, за да се поддржи постигнувањето на Националниот утврден придонес и ангажман на земјата со ЗКФ. Покрај тоа, ФАО работи со Владата на мапирање на чинителите од приватниот сектор во Северна Македонија за да се помогне целосно да се вклучат во можностите за трансформативни инвестиции за резилиентен и нискојаглероден економски развој, којшто исто така може да даде придобивки за ефикасноста и профитабилноста. За да се олесни интеракцијата со приватниот сектор во контекст на климатското финансирање, ФАО и Националниот назначен орган (ННО) започнаа активности со цел поттикнување и зајакнување на интересот и ангажманот на приватниот сектор во климатското финансирање, вклучително и од извори како што е ЗКФ.

Со цел да се олесни директниот пристап до ресурсите од ЗКФ, во периодот од ноември 2020 до 31 декември 2020 година беше објавен Отворен повик за искажување интерес за потенцијален директен пристап на субјектите од Северна Македонија до ЗКФ. Неколку апликации беа поднесени од јавни и приватни институции кои покажаа интерес за се акредитираат за ЗКФ. Во текот на првиот квартал од 2021 година, ФАО, во тесна соработка со ННО, ќе ги оцени пријавените субјекти според договорениот систем на бодување за да се поттикне транспарентен процес на селекција на потенцијалните субјекти коишто ќе го поминат процесот на акредитација за ЗКФ.

## LATEST EPIDEMIOLOGICAL DATA (8 Feb 2021)

**94,798** CONFIRMED COVID-19 CASES

**2,924** COVID-19-RELATED FATALITIES

**45,502** CONFIRMED CASES PER 1,000,000 PEOPLE

**1,403** FATALITIES PER 1,000,000 PEOPLE

Daily new cases reported




For latest data see **covid19.who.int/region/euro/country/mk**

# OTHER ACTIVITIES

Петнаесет новинари од различни национални и локални медиумски куќи поминаа четиридневна обука за „Медиумско покривање на процесот на ЕУ интеграција". Обуката, организирана од **Канцеларијата на Обединетите нации за проектни услуги (УНОПС)** во координација со Секторот за европски прашања (СЕП), има за цел да се зајакне капацитетот на медиумите за креирање содржини за процесот на преговори со ЕУ и на тој начин да се придонесе за зголемена транспарентност на процесот.

# ЗАЕДНИЧКИ ПРОГРАМИ И АКТИВНОСТИ НА ОН

## Зошто заеднички програми?

Заедничката програма претставува начин на имплементација на проект, односно, повеќе агенции на ОН заеднички работат на конкретен проблем или тема. Преку заедничките прграми, земјата и нејзиното население имаат корист од комбинираната експертиза на системот на ОН за одредена тема, со што се дава повеќедимензионално и сеопфатно решение за сложени проблеми. Заедничките проекти, исто така, им овозможуваат на агенции единствено да работат и испорачуваат како ОН, коешто подразбира и преточување на реформата на системот на ОН во пракса. Покрај тоа, со заедничките програми се јакнат и можностите за мобилизација на ресурси бидејќи тоа овозможува пристап до повеќе разни специјализирани глобални инструменти за финансирање и експертиза.

Од 2020 година, Тимот на ОН во Северна Македонија става зголемен акцент на проширувањето на портфолиото на заедничките програми. Беа изработени нови концепти и решенија со коишто се привлече ново финансирање, и за дополнителните програми се очекува да се донесат одлуки за финансирањето во првиот квартал на 2021 година.

## “Планирање и дискурс на политиката за миграции засновано на докази во Северна Македонија”

Оваа заедничка програма, којашто започна кон крајот на 2020 година, има за цел да се поддржат националните институции за подобрено управување со демографската и миграциската динамика во земјата. Поддршката се дава во три клучни области на миграциите: за развој на миграциска политика којашто е насочена кон иднината и се темели на докази, зајакнат пристап до податоци за миграциите, и влијаење на наративот за мигрантите и бегалците како чинители за позитивен развој во општеството. Со

**PROGRAMME DETAILS**

Duration: October 2020 - April 2023
Budget: $1,500,000

Key national partners: Ministry of Interior, State Statistical Office, Ministry of Labour and Social Policy, Ministry of Information Society and Public Administration, National Bank of the Republic of North Macedonia, Ministry of Foreign Affairs, Secretariat for European Affairs, Macedonian Young Lawyers Association, Macedonian Anti-Poverty Platform and the European Policy Institute.

Key beneficiaries: general public, media representatives, policy makers, institutional stakeholders, migrants.

Financed by: Migration Multi-Partner Trust Fund

Implemented by: IOM UN MIGRATION, UNHCR The UN Refugee Agency, UNFPA

програмата ќе се обезбеди робусна поддршка за собирање податоци преку зајакнување на меѓуинституционалната размена на податоци за миграциите; изработка на Профил за миграциите во земјата и Индекс за управување со миграциите, ќе се воведе модул за миграции во анкетата за работната сила, и ќе се генерираат нови податоци за миграциите врз основа на иновативни начини за собирање податоци, вклучително и пилотирање на голема податочна анализа. Силен аспект на проектот претставува пристапот на цела влада и цело општество, со вклученост на неколку министерства, државни институции и организации на граѓанското општество (ОГО) во подготовката и имплементацијата. ОН ја зближуваат експертизата на три агенции на ОН, односно, ИОМ, Високиот комесар за бегалци на ОН (УНХЦР) и Фондот за население на ОН (УНФПА). Програмата е финансирана преку Стартап фонд за безбедни, уредни и регуларни миграции; во којшто најголем придонес даваат Данска, Германија, Норвешка, Португалија, Шведска и Обединетото Кралство (ОК).

## „Работејќи оддолу нагоре – создавање на локален модел за деинституционализација“

Оваа заедничка програма, што се спроведуваше во периодот од јуни 2018 до декември 2020, е насочена кон пилотирање на модели за услуги и непречена деинституционализација, со посебен географски фокус на штитениците во заводот Бања Банско во струмичкиот регион. Работата на вклучените агенции на ОН – Фондот за деца на ОН (УНИЦЕФ), УНДП, UN Women и УНФПА – значително придонесе за имплементацијата на националната агенда за

**PROGRAMME DETAILS**

Duration: June 2018 – December 2020
Budget: $400,000

Key national partners: Ministry of Labour and Social Policy, Ministry of Education and Science, Ministry of Health, Local Self Government, Institute of Social Activities, State Education Inspectorate, Center for Social Work, regional Employment Centers, CSOs, academia, Ombudsman.

Key beneficiaries: children and adults with disabilities, public institutions, civil society organizations, disabled persons' organizations, schools, state education inspectors, foster care parents, families, prospective foster parents.

Financed by: UNPRPD

Implemented by: UNDP, unicef for every child, UN WOMEN, UNFPA

деинституционализација преку повеќесекторски заложби. Преку градење на модел на ниво на заедница, тимот на ОН покажа како се градат мостови за вработување на луѓето со попреченост; како се обезбедува инклузивно образование за децата со попреченост; како се зајакнуваат моделите за алтернативна социјална грижа и семејна поддршка базирани во заедницата; и како се обезбедуваат сексуални и репродуктивни здравствени услуги за жените со попреченост. Целосното учество на лицата со попреченост во текот на целиот процес за проектот помогна да се утврдат тесните грла и да се зајакнат поединците да преземаат активна улога. Преку оваа активност, тимот на ОН докажа дека опциите кои се засновани во заедницата се остварлив и финансиски достапен начин за да се олесни независното живеење на лицата со попреченост и за да се развиваат модели на услуги коишто ѝ понатаму ќе се реплицираат. Оваа програма е финансирана од Мултидонаторскиот труст фонд (МПТФ) на Партнерството на ОН за унапредување на правата на лицата со попреченост; за којшто најголем придонес даваат Австрија, Финска, Норвешка, Шведска и ОК.

## „Безбедни и иновативни здравствени услуги во време на КОВИД-19 во Северна Македонија”

Обезбедувањето услуги за поддршка за сексуалното и репродуктивното здравје, имунизацијата и родово базираното насилство забележа драматичен пад од почетокот на пандемијата со КОВИД-19. Овој заеднички проект – спроведуван од страна на УНФПА, УНИЦЕФ и Светската здравствена организација (СЗО) – има за цел да се подобрат услугите за жените, девојките адолесценти и децата, со посебен акцент на најранливото население во оддалечените области каде што недоволно

**PROGRAMME DETAILS**

Duration: January 2021 – March 2022
Budget: $850,000

Key national partners: Ministry of Health, Ministry of Labour and Social Policy, E-Health Directorate, Association of Gynecologists and Obstetricians, Committee on Safe Motherhood and Healthy Newborn, Macedonian Medical Association, Macedonian Association of Nurses and Midwives, University Clinic of Psychiatry and civil society organizations.

Key beneficiaries: women and children in remote areas, health care workers, whole population.

Financed by:
UN COVID-19 RESPONSE AND RECOVERY MULTI-PARTNER TRUST FUND

Implemented by: unicef for every child, World Health Organization, UNFPA

се обезбедуваат услуги. Со проектот се воведуваат иновативни здравствени услуги од страна на медицински тимови во мобилни гинеколошки клиники, со цел да се подобри пристапот до гинеколошки/акушерски услуги и зајакнато интегрирано упатување и поддршка за родово-базирано насилство во оддалечените области, подобрување на опфатот со имунизација и собирање податоци преку воведување на дигитализиран е-имунизација регистар; како и информирање за ризиците на населението кое покажува скептичност во однос на имунизацијата. Со овие подобрени услуги ќе се одговори на значително намаленото обезбедување услуги со појавата на КОВИД-19 и ќе се обезбеди ефикасно администрирање и податоци за имунизацијата во реално време коишто се релевантни за политиките, како и поголема јавна поддршка за вакцинацијата. Проектот се финансира преку Фонд за одговор и закрепнување од КОВИД-19 на Генералниот секретар на ОН, за којшто во моментов најголем придонес даваат Австрија, Данска, Република Кореја, Холандија, Норвешка, Шведска и Швајцарија.

Покрај овие три програми, ОН во Северна Македонија подготвуваат нова заедничка програма за еднаквост и инклузија на лицата со попреченост преку системска реформа, која подлежи на одобрение за финансирање од ОН-ППЛП МДТФ; и се очекува и финалната одлука за финансирање на заедничката програма за зелено финансирање од Заедничкиот фонд за ЦОР, која има за цел значително да се подобри пристапот до достапно финансирање на мали и средни претпријатија и поединци/домаќинства за инвестиции во решенија за обновлива енергија и енергетска ефикасност, како и за поттикнување на иновативноста во овие сектори. Резултатите коишто се постигнати преку овие и други заеднички иницијативи на ОН ѝ понатаму ќе се споделуваат преку овој билтен и други канали.

# ВО ФОКУС подготовка за COVID-19 вакцина

## Подготовки за вакцинација за КОВИД-19

Вакцините за КОВИД-19 се клучна алатка за да се помогне да се стави пандемијата под контрола, заедно со ефективното тестирање и постоечките мерки за заштита. Неколку предложени вакцини на листата на расположливи вакцини влеваат надеж, и дел од нив се во фаза на преглед за итна употреба. Вакцините Фајзер/БиоНТек, Модерна и оксфордската АстраЗенека се веќе одобрени од неколку ригорозни регионални и национални регулаторни тела, а трката за безбедна и ефективна вакцина веќе навлезе во нова фаза. Целта е со овие најнови информации да се даде одговор на некои горливи прашања поврзани со вакцината за КОВИД-19 .

## Како се изработуваат вакцините за КОВИД-19?

Вакцините функционираат на начин на кој се врши имитација на одреден заразен агенс – вирус, бактерија или друг микроорганизам што предизвикува болест. На тој начин, нашиот имунитетски систем се „учи“ брзо и ефективно да одговори против тие микроорганизми.

Тоа се прави на традиционален начин, односно, преку вакцините се внесува ослабната форма на некој заразен агенс којшто овозможува нашиот имунитетски систем да го меморизира. На овој начин, нашиот имунитетски систем може брзо да го препознае и да го спречи пред да се развие болеста. Некои од сегашните предлози за вакцини за КОВИД-19 се изработени на тој начин.

За останатите вакцини коишто се изработуваат се користат други пристапи – и на нив вообичаено се упатува како ДНК (за деоксирибонуклеинската киселина) и РНК (за рибонуклеинска киселина) вакцини. Наместо да се внесат антигени (супстанција којашто предизвикува имунитетот да создава антитела), РНК и ДНК вакцините го поттикнуваат нашето тело да создава протеин кој самостојно и безбедно го активира имунитетот. Повеќе информации за изработката на вакцини за КОВИД-19 може да се најдат на интернет страниците на СЗО и Коалицијата за иновации за епидемиска подготвеност (CEPI).

## Кои се придобивките од вакцинацијата за КОВИД-19?

КОВИД-19 лесно се пренесува и може да предизвика тешко заболување и смрт, дури и кај млади и здрави луѓе.

Вакцините против КОВИД-19 ќе бидат одобрени за употреба во Северна Македонија само доколку опсежни, ригорозни и детални научни студии покажат дека со нив безбедно се намалува ризикот од зараза со КОВИД-19. Тоа се постигнува преку подготовка на природните одбранбени механизми на телото, односно, имунитетскиот систем да го препознае и да се бори со вирусот којшто предизвикува КОВИД-19.

Научниците проучуваат дали луѓето кои што се вакцинирани за КОВИД-19 е помалку веројатно да го пренесат КОВИД-19 вирусот на други луѓе. Доколку тоа е така, вакцинирањето може да биде моќен начин не само да се заштитиме себеси, туку и целата заедница.



*Vaccine preparation. Photo credit @UNICEF/2020/Georgiev*

## Дали вакцините за КОВИД-19 обезбедуваат долгорочна заштита?

Премногу е рано да се знае дали вакцините за КОВИД-19 ќе обезбедат долгорочна заштита, и за да се добие одговор на тоа прашање ќе биде неопходно да се спроведуваат дополнителни истражувања. Меѓутоа, охрабрува тоа што расположливите податоци укажуваат дека повеќето луѓе кои заздравуваат од КОВИД-19 развиваат одговор на имунитетот којшто дава заштита од повторна инфекција – иако сè уште се проучува колку е силна и колку трае заштитата.

## Колку брзо вакцините за КОВИД-19 можат да ја стават пандемијата под контрола?

Не се знае со точност за колку брзо време ќе може да се стави пандемијата со КОВИД-19 под контрола со помош на вакцините за КОВИД-19. Тоа ќе зависи од многу фактори, како што се степенот на ефективност на вакцините; брзината со која се одвива одобрувањето и производството на вакцините; бројот на вакцинирани луѓе; како и продолжувањето на мерките за одржување физичко растојание и носење маска.

## Ако примам вакцина за КОВИД-19, дали сè уште ќе треба да применувам и други мерки на претпазливост како што е одржувањето физичко растојание?

Да. Во моментов се препорачува сите – вклучително и оние кои примиле вакцина – да продолжат да ги користат сите расположливи алатки за да се помогне да се стави крај на ширењето на КОВИД-19, како што се одржувањето физичко растојание и носењето маска. Примената на овие алатки во комбинација ќе овозможи најдобра можна заштита од зараза и ширење на КОВИД-19. Оваа препорака може да се смени во иднина откако поголем број луѓе ќе бидат вакцинирани, и како што ќе дознаваме повеќе за заштитата во „реалниот свет“ која ја даваат вакцините за КОВИД-19.

Подготвено од УНИЦЕФ

# QUICK LINKS




## Митови и факти за COVID-19 вакцини

Др. Кејт О Брајан од СЗО руши некои од најчестите митови поврзани со неплодноста, ДНК и составот на вакцините.

## Различни видови COVID-19 вакцини

Зошто има толку многу вакцини во развој и кои се различните видови вакцини?

Извор СЗО

The latest version of the Sustainable Development Bulletin is available on UN North Macedonia website. For additional information, please contact rc-northmacedonia@un.org. Produced by the UN Resident Coordinator's Office in North Macedonia | 8 February 2021.

www.un.mk